**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Тринаесеттото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,58 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се Собранието да влезат во салата, да започнеме со работа.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се во Собранието да влезат во салата за да почнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Нема доволен број)

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата да влезат во салата ќе започнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Продолжуваме со работа по Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Андреј Жерновски, Јован Манасиевски, Љубчо Георгиевски, Гоце Марковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Благородна Цветковска, Верица Филипова, Фијат Цаноски, Али Ахмети и Оливер Шамбевски, известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Точка 1 - Предлог на закон за високото образование.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Во меѓувреме пратеникот Весна Јаневска ги повлече амандманите под архивски број 07-173/33, 34, 35, 36 и 42.

Пратеникот Валентина Божиновска ги повлече амандманите под архивски број 07-173/60, 61, 62, 63, 64 и 65.

Претресот по амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратениците Ѓорѓи Оровчанец, и Марјан Додовски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, за гласале 11, воздржано еден, против гласале 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Бидејќи во меѓувреме пратеникот Валентина Божиновска го повлече амандманот на член 53 став 8, Собранието по него нема да гласа.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1, за бришење на алинејата 2 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Госпоѓа Секуловска Мирјана има процедурално, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам почитуван претседател на Собранието на Република Македонија.

Моето процедурално нема да го искористам три минути, ќе бидам многу пократка, бидејќи моето процедурално има информативен карактер.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер, почитувани граѓани на Република Македонија, сакам да ве информирам дека од овој момент натаму јас ќе делувам како пратеник во рамки на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ. (Аплауз)

За мојата согласност сакам да кажам и тоа дека мојата одлука доби целосна поддршка од Извршниот одбор на мојата партија што јас ја формирав во Охрид, но и пошироко. Ви благодарам. (Аплауз)

**Љубиша Георгиевски:** Значи Владата не го прифаќа амандманот.

Му давам збор на господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван министер, почитувани колеги, овој амандман, со овој амандман ајде ве молам ако може да се смират пратениците.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам за ред во салата. Бидете добри ве молам.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот кој што со колегата Јани Макрадули го поднесовме се однесува на членот 54, надлежност на ректорот, во кој што бараме во став 1 да се брише алинејата 2, “ги свикува и преседава со седниците на Сенатот”.

Значи, за што станува збор. Овој е уште еден од оние клучни амандмани (се слуша галама во салата).

**Љубиша Георгиевски:** Само еден момент застанете господине. Само еден момент. Ве молам, за ред во салата, да го послушаме нашиот колега Геамитчиоски, ве молам. Продолжете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Би требало да ме сослушате, бидејќи со овие амандмани ние се

спротивставуваме на оваа верзија на Законот за високо образование. Јас ги имам двете верзии од ова Министерство. Од јули месец 2007 и јануари 2008 година. Што во меѓувреме се случи, на седница на Влада, еден член на Владата кој што не е од матичниот ресор, значи, не е надлежен за матичниот ресор.

Претседтеле ве молам, ако може барем на тие што не им се слуша да ја напуштат салата. Не можам да се сконцентрирам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, на сите оние на кои им пречиме, можат да излезат надвор и надвор да ги средат своите проблеми. Дозволете да се одвива седницата. Ве молам.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** По трет пат ве молам, да бидете сконцентрирани, бидејќи ова е суштината на нашето спротивставување. Со оваа алинеја му се дава надлежности на ректорот кои што ги нема ниедна институција во Република Македонија. Да ги свикува и да претседава со седниците на Сенатот.

Во разговори со министерот, се разбира неофицијални, беше посочено дека тоа е решение и во други земји. Зошто тоа решение не беше застапено во верзијата во јули 2007 година, која што ја повлековте. Што ќе се случи?

Значи, со потпишување на Болоњската декларација, пет главни точки се сидра на таа декларација, меѓу кои што е интегриран универзитет.

Под интегриран универзитет се подразбира, зголемување на правниот субјективитет на универзитетот, визави неговите членки, или постепено во разумен временски период, губење на правниот субјективитет на членките на Универзитетот во корист на Универзитетот. Тоа е она што го пишува во Болоњската декларација, или е на правно експертско ниво дефинирано. Ништо друго во поглед на ова што е внатре внесено. Ректорот да преседава со тело кое што го избира и теоретски може да го разреши е нешто, кое што е спротивно со демократските принципи кои што треба да владеат и во високото образование.

Сенатот е осмислено да биде стручен орган, во кој што ќе бидат дефинирани сите правила на игра во рамките на универзитетот, а се однесуваат на дејноста: давање на согласност на нови студиски програми, всушност, тоа е сето дефинирано во надлежностите на Сенатот. Да не ги цитирам, да не одземам време.

Меѓу другото, пишува дека Сенатот го усвојува годишниот извештај за работа на универзитетот. Пишува, усвојува и годишен финансиски план на Универзитетот, избира и разрешува ректори и проректори на универзитетот. Донесува деловник за работа на сенатот, а преседава лилцето кое што го избира ректорот. Ако имавте намера вакво нешто да се направи суштински, зошто на истиот начин не е постапено во два други случаи со Унвиерзитетскиот совет, во кој што предлагате да има претседател на Советот и зошто воопшто постои ректорска управа. Зошто надлежностите кои што ректорската управа досега ги имала со стручната помош која што треба да се даде на Сенатот, а претседава со ректорската управа ректорот, се префрлаат сега ректорот да преседава и со Сенатот.

Значи, во главата 6 каде што се дефинирани органи и тела на високо образовните установи, органи и тела на универзитетот, во членот 50 дефинирано е: органи на универзитетот се: Универзитетски Сенат, ректор, и ректорска управа. Тука, според оваа концепција, доколку истраете на оваа концепција, јас се сомневам дека сакате да истраете, треба нешто да се смени. Тогаш, ректорската управа би требало да се брише и би требало ректорската управа да биде само како помошно тело, кое што нема да биде дефинирано како орган на Универзитетот и ндлежностите кои што ректорската управа ги има по Законот, да се префрлат целосно на Сенатот. Тоа се господине министре две различни концепции, кои што сте се обиделе да ги внесете со компалација во еден закон.

Значи, таму, во Словенија, каде што цитирате, ректорската управа нема никакви надлежности, туку е само помошно тело. Да, во Словенија ректорот управува со Сенатот, ама Сенатот ги има и надлежностите оперативни, кои што ректорската управа овде со еден член во 57 сте ги дефинирале. Значи, ги подготвува и предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Сенатот. Помошно тело е. Зошто да биде орган тогаш. Го утврдува и го објавува конкурсот за запишување на студии од прв и втор циклус по претходна согласност од Владата на Република Македонија. Тоа е зрела надлежност за префрлање на Сенатот, бидејќи со него предлгате да управува ректорот. Дава мислење за студентските програми на факултетите, односно високите стручни школи. Тогаш, зошто таа надлежност и кај Универзитетскиот сенат е дефинирана преку усвојување на студиските програми на факултетите, односно на високите стручни школи. Што ќе даде мислење, па Сенатот да одлучува. Дупла работа. Имаше смисла ако ректорот управува како до сега со ректорската управа, стручно ги подготвеа тие документи и ректорот ќе ги брани пред Сенатот, ама само како член по функција, бес право на одлучување, како што беше и до сега. А сега, кога овие надлежности му ги префрлате на ректорот да управува со Сенатот, која е логиката да ги води овие активности и во ректорската управа. Или на предлог на ректорот избира и разрешува генерален секретар на Универзитетот. Тогаш Сенатот зошто да не го избере, кога ректорот ќе управува со Сенатот. Го уредува издавањето на дипломи и други документи за завршени студии на високото образование итн.

Значи, да не ширам, станува збор за две концепции и затоа има колизија помеѓу претпоследната верзија на Законот во која што овде се разграничени или ако не ми верувате

мене прашајте ги експертите кои беа инволвирани во работењето на овој Предлог на закон и ги поминаа сите експертизи. Две различни концепции што се помешале во последнава верзија и сега имате мешање во надлежности во кои што уште пострашна варијанта има, еден ист орган управува со три органи.

Значи, пак да го цитирам членот 50, "На Универзитетот органи се Универзитетски Сенат, Ректор и Ректорска управа". Не е точно. Орган на Универзитетот, според ова, е само Ректорот и тој одлучува.

И сега да му одговорам на колегата Штуаров кој вчера во претходниот амандман започна нешто со бастиони, со такви работи. Нема никаков контролен механизам врз ректорот во Законот. Ректорот е безгрешен и може да го крши Законот, нема механизам со што може да биде повикан на одговорност. Теоретски, Сенатот може да го побара тоа, ама ректорот ги свикува и претседава со седниците, нема ни да го свика Сенатот и нема да ја постави точката на дневен ред. Како што се случувало во минатото.

Јас знам дека ќе реплицирате ама ќе ви кажам чисти примери кога тоа се случило на Сенат и тоа кога ректорот не бил член на Сенатот, замислете, а камо ли сега, кога ќе биде претседавач со Сенатот, ќе управува со Сенатот, ќе ги свикува седниците на Сенатот. И улогата на рекотрот ќе биде неприкосновена како единствена функција во Република Македонија. Секој на некого му одговара, само тој на никого и кога ќе го крши законот.

Впрочем, да не се јавувам повторно, доколку не бидарм испровоциран, прочитајте го последниот извештај, Информацијата што ја подготвивме јас, колегата Макрадули, колешката Бендевска за случување на Битолскиот универзитет во кој што ректорот со 10 до 12 одредби слободно си го кршеше Законот, ние си викавме, пративте Инспекторат, дали направи или не направи записник, на пратеничко прашање се уште го немам добиено одговорот, дали Инспекторатот постапил, дали направил извештај и што предложил како казна на ректорот бидејќи тој го прекршил Законот.

И да ви цитирам еве, да не биде дека ви зборувам напразно, пазете за наредниот амандман исто е: "Ректорот разреши директор на висока стручна школа". Го разреши без образложение иако во Законот пишува дека треба да му достави него образложение, да му даде рок од 7 дена да се изјасни по однос на тоа разрешување и наставно-научниот совет да се произнесе по тоа. Тој го разреши.

Второ, во Законот пишуваше: "Во рок од месец дена" и да е разрешувањето ОК,"Наставно-научниот совет треба во рок до месец дена да постави ВД", да се избере од своите редови вршител на должност - директор, ректорот не го почитуваше Настанвно-научниот совет, вториот ден си постави вршител на должност.

Трето прекршување на Законот. "Треба да биде од редовите на редовни и вонредни професори". Ректорот си постави доцент, си сакаше така и си постави.

Четврто, поминаа 6 месеци, истече рокот за вршител на должност, во тој 6-месечен период Настано-научниот совет требаше да избере директор, си избра директор, ректорот не го почитуваше тоа, едноставно си реши да го продолжи, замислете, мандатот уште 6 месеци на постојниот доцент итн. Си кршеше екватантно Закон ништо, ништо апсолутно не се случи и во државата сите сме среќни, е сега и со Закон му ја цементирате таа негова "папска" улога.

Јас знам какви се искуствата и кои се решенијата во европските држави, почитуван министер, ама ние едноставно не сме зрели за тие решенија. Бидете искрен и одговорете што вие направивте да се спречи кршење на Законот, без разлика кој е на функцијата ректор? Што конкретно превзедовте како министер за да спречите екватантно кршење на Законот за високо образование од страна на ректорот? Сенатот нешто повика? Не, не повика на одговорност ништо Сенатот. Сега уште повеќе. Додуша во Сенатот имаше потписи, дури се собраа повеќе од една третина потписи, како што по Законот налагаше, ама не се свика Сенатот, затоа што претседавачот на Сентато имаше некоја друга политичка идеа.

Е сега, ректорот ќе го свикува Сенатот и ќе претседава со Сенатот па претходно донесол одлука, ректорот ја донесол одлуката и со својата одлука ќе ја става на преиспитување на седница на Сенатот, никогаш тоа нема да се случи во Република Македонија. И претходно имаше друг ректор, претходниот ректор истото тоа го направи во Св. Климент Охридски, разреши декан без образложение, постави друг декан без да го почитува мислењето на Наставно-научниот совет за два дена и извршија притисок да се депонира неговиот потпис.

На седниците на Сенатот го поставуваме ова прашање и тој едноставно не одговараше. Не одговараше, 99-та тоа се случи, едноставно вели, не чуствувам потреба на Сенатот ништо да му одговорам.

Знаете ли како кај нас се сфаќа улогата интегриран универзитет? Универзитетот е мој е сега од утре јас ќе правам што сметам дека треба да правам. За жал така е. И јас сум бил во друга улога и сум настојувал, имам сведоци во Министерството, да се вградат одредби на контролни механизми на мегусебно договарање по вертикала и по хоризонтала и да има санкции за секого. Никој во оваа држава не може да биде недопирлив. Секој треба да го почитува законот. Онака како што е напишан. Дали е совршен или не, тоа е друго. Како што е законот дефиниран, законот мора да се почитува.

Ова е суштински амандман, на кој што ќе инсистураме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине Герамитчиоски.

Има збор господинот министер за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам.

Почитуван пратеник, почитувани пратеници,

Во дискусиите, во овие тронеделни дискусии, тоа што јас го чувствувам за оваа проблематика и вие на неколку пати повторувавте дека ние имаме друг концепт, а вие предлагате некој друг концепт.

Значи, тука се работи за концепти. Верувам дека тоа што и вие го предлагате, постои како модел во други европски земји, но ова што ние го предлагаме постои како модел и тоа како успешен модел. Овде се работи за еден наш концепт што го предалгаме, сметаме и стоиме зад тоа дека ќе биде успешен законот и ќе настојуваме успешно да се имплементираме.

Должен сум да одговорам на некои прашања, бидејќи се спомнуваат имиња на други министри и колеги. Одговорно тврдам дека, што се однесува до измената да ректорот ги свикува седниците, можете да проверите со сите претставници на универзитетите, на заедничка средба на која што ние ги разговаравме и договаравме работите дека токму ова решение е предлог од страна на универзитетите.

Кога велам универзитетите, велам за стручните служби на универзитетите, секретарирте на универизитетите, правниците итн. Тоа е тоа решение.

Ништо не е вметнато во Влада. На владини комисии имало предлози и тие предлози, како предлог од комисиите биле разгледани на Влада. Не сакам да спомнувам име на некој колега, друго е тоа што се зборува во други неформални објекти, но јас зборувам за процедурата. Вие, како пратеник имате право и можете да ги прегледате стенограмите од владината седница.

Што се однесува до тоа дали сме ние зрели за ваков закон, ве молам господине Герамитчиоски, јас тука, како и секој друг малку сум субјективен. Кога предлагам нешто или кога работам на некој закон, за мене сметам дека сме зрели. Самиот себе си се сметам за зрел, за да бидам член на Европската унија. Тоа е тоа. Од субјективноста не можеме да бегаме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине министре.

Грамитчиоски Тале реплика претпоставувам, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван министре,

Од последното. Ако сме зрели, како општество, тогаш покажете на дело, казнете ги ректорите кои не го почитуваат законот. Покажете ни, ние ви покажавме и докажавме дека еден ректор го крши законот, преку Информација што ја доставивме и до вас. Преку Информацијата се цитирани членовите каде ги прекршил, каде ректорката го прекршила законот. Ги цитиравме членовите и дадовме образложение, правно, зошто ги прекршила тие одредби. Вие интервениравте? Каде е тука нашата зрелост?

Не ги почитуваме законите. Јас не сакам да бидам сфатен во погрешна насока. Ние ќе бидеме зрели во оној момент кога ќе ги почитуваме законите што важат во Република Македонија, а никако поинаку во законските решенија. На тоа мислев.

Второ, за верзиите на законот, ова е верзијата Предлог на закон за високо образование јули 2007 година каде што како претставник сте потпишани вие. А таму има друг концепт. Таму ги нема овие одредби. Значи, вие сте го змениле концептот преку ноќ. Го повлековте законот што ќе го изгласавме за еден ден бидејќи тогаш ви ветивме, јас држам до ветување, ви ветивме дека нема ништо спорно во тој закон, бидејќи ја помина експертизата на Советот на Европа.

Оваа концепција што сега ја дадовте, со три - четири вметнувања, тоа е проблемот. Да, тоа е друга концепција, но оставата одредби од претходната концепција, направивте компилација на двете концепции што меѓу себе се гушат. На тоа настојувам да ви укажам, дека се гушат помеѓу себе тие функции и надлежности, а се останати одредени одредби што треба да се бришат за таа друга концепција да заживее. Тоа го мислев. Јас не негирам дека имате право да внесете друга концепција. Но, ќе ја изгубите нашата поддршка бидејќи ние сме дали зелено светло, како опозиција, се разбира, на друга концепција што вие до јули, до декември, до јануари 2008 година сте ја подржувале.

И конечно, ќе имаме тука можност да дискутираме за другите две клучни одредби што, ако ги нема, не е рекла казала, ниту кулоарски. Вашиот колега, мене директно ми кажа дека тој интервенирал да се вметне таа работа. Јас не се служам со рекла-казала.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине министре.

**Сулејман Рушити:** Не сакам да реплицирам, не е ова реплика, туку нормално една дискусија.

Јас верувам, бидејќи рековте дека претходната верзија имала зелено светло од Советот на Европа, јас верувам,според тоа што и оваа верзија помина низ такви филтри, дека и оваа ќе има зелено светло во Советот на Европа. Ако не е така, еве јавно сега кажувам дека самиот јас ќе покренам иницијатива да ги смениме овие одредби.

Но, сега се работи, бидејќи слушнавме некои поттекстови на некои изјави дека законот веќе го губи правото да го носи знакот на Европската унија. Одговорно сметам дека ова е еден европски закон нормално на ваква концепција, бидејќи и во Европа има различни концепции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Васко Шутаров, реплика на излагањето на господин Герамитчиоски, повелете имате три минути.

**Васко Шутаров:** Почитуван министре, почитувани колешки и колеги,

Бев спомнат и сакам во трите минути да му реплицирам на почитуваниот колега Герамитчиоски.

Не знам зошто мисли дека нечија и некаква потенцијална акумулција на функции и моќ него повеќе би го загрижило од мене лично? Тука не е прашање дали е неко позиција или опозиција, заради тоа што нештата се вртат. А, акумулацијата на моќ останува акумулција.

Но, јас не сметам дека овој Предлог-закон дава, предимензионира некаква акумулација на моќ повеќе и ќе му кажам зошто.

Сенатот, со овој закон не е потценет. Сенатот го избира и разрешува ректорот. Во членот 52 што го поминавме со неколку амандмани - Сенатот донесува Статут на Универзитетот што е одредена уверзитетска бибилија.

Уште нешто. Во членот 54 на кој што сме, стои дека директорот е должен најмалку еднаш во годината до Сенатот, до Универзитетскиот совет и основачот да поднесе извештај.

И, алинеа 11, ако Сенатот не го прифати Извештајот од став 2 на овој член, поведува постапка за разрешување на ректорот на Универзитетот.

Внимателно ги проучив сите статути на земји кои го реформираа високото образование. По секој од тие статути стои дека ректорот ги води, свикува и заседава со седниците на Сенатот. Не е тоа наше измислување топла вода. Но, сите тие тие статути го омеѓуваат или детерминираат тоа што сега почитуваниот колега смета дека димензионира функции на ректорот на Универзитетот. Во најголем број на случаи од тие статути, што ќе ги донесат и нашите универзитети стои дека Сенатот има право да поведе постапка на кршење на законитоста и уставноста на ректорот. Во тој случај ректорот не претседава со седниците на Сенатот, туку претседава најстариот по функција член на Сенатот.

Значи, Сенатот донесува статут, статутот го операционализира тоа што законодавецот го оставил овде како простор. Никаде не видов амандман по членот 54 кој што, исто така остава многу простор за различни шпекулации. И ректорот и Сенатот ќе бидат потписници и на одредени финансиски средства.

Други законодавци предвиделе дека ректорот може да потпише финансиска подршка до милион куни или милиони денари или милион динари. Мислам дека и на овој дел исто така би можеле прилично да дискутираме, но исто така тие се нешта што ќе ги дефинира идниот статут на универзитетите што сепак ќе го донесува Сенатот на Универзитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Герамитчиоски повелете имате збор. Изборот е ваш, барате збор, ќе добиете збор.

**Тале Герамитчиоски:** Барам збор затоа што во една минута не можам да објаснам.

Со целиот респект едно пишува во законот, а друго е во реалноста. Сте биле ли член во некој сенат? Да видите како работат.

Прво, во 1999 година ректорот Маслинков, кој е од вашата партија, три години со ред не даваше финансиски извештај пред Сенатот. Организиравме, бев член на Сенатот, организиравме над 60% од членовите на Сенатот писмено барање и тој го фрлаше во корпа. Тогаш беше министер Новковски. Испрати една службеничка од Министерството која дојде на седницата на Сенатот и си седеше така и не даваше никакво правно толкување.

Маслинков рече, јас сум ректор ќе правам јас како што сакам, имам подршка од министерот. Сега ова го легализирате со закон. Тогаш го кршеше Законот, немаше кој да му го санкционира тоа, изиграваше бог. Немаше. Сенатот одлучуваше поинаку, ама тој беше потписник. Ова што го зачнавте е уште пострашно. Ова е што сакам да му го објаснам на министеро. Со вметнување на ова “ги свикува и претседава”, направи две концепции да се помешаат во една во која што остави стари одредби. Добро вие заблежавте. Има една функција како ректор да потпишува до одредена сума средства и сега има друга функција како претседавач на Сенатот и овластен потписник од страна на Сенатот да потпишува за друга сума. Смешно. Ова е косење на две одредби во истиот закон, затоа што е направен микс на две концепции, смешани во една, ама не се прочистиле надлежностите од претходната верзија и од претходната варијанта.

Сега, конечно како годишниот извештај ќе го срочи, и да сака да го даде и како ќе му го даде во преглед табела, знаете ли како се доставува финансиски извештај? На еден лист го доставува, во кој што само рамката е дадена на одредени трошоци. До сега Сенатот имаше надлежност да формира и комисии. Претседателот направи комисии, ви кажувам примери на имплементација на претходните законски решенија кои што не ни чинат сега. Комисијата утврди дека нема потреба на финансиска документација за одредени стафки. И што? Остана така извештајот не го ни разгледувавме. Три години не се доставуваше годишен извештај за работењетото, дирекно се кршеше законот. На кого да му се пожалиме тогаш ние? На кого? И сега воопшто нема ни да допре на повисока инстанца. Уште во корен нема ни да се става точката на дневен ред. Членовите на Сенатото по друг основ можат да бидат притиснати, по разни основи, како што во Македонија се случува.

Тоа е нашата зрелост почитуван министер. Не мислев на поинакво нешто. Во почитување и имплементација на законските решенија.

Мајстори сме да замижуваме и воопшто со ароганција и препотентност да отфрламе се дека некој ништо не ни може. Со ова правиме уште еден пог во државата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли реплика? (Нема)

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Амандманот поднесенод колегите всушност се обидува и понатаму да ја држи актуелна темата која за жал не успеавме да ја завршиме онака како што беше најлогично, а тоа е да го регулираме статусот на ректорот во претходниот член 53 став 8 со исклучување на можноста тој да биде наметнато партиско решение или наметнат администратор, или јас како што велев наметнат фрустриран, кој ќе додје на некојод универзитетите да ги лечи своите комплекси, д аостварува дел од политиката што ја воведе ВМРО-ДПМНЕ, а тоа е да ги уништува сите институции кои се градени со години.

Во следниот член, бидејки се обидувате да направите микс на два модели кои се неспоиви доаѓате до апсурдот за кој говореше колегата Герамитчиоски, а го дотакна можеби несакајки, користејки аргументи да го нападне нашиот став и колегата од ВМРО-ДПМНЕ Шутарков. Значи, проблемот почитуван министер настанува во оној момент кога вие телото кое треба условно речено да ја контролира работата на вашиот ректор ја ставате во позиција, ние не знаеме сега, веројатно треба во терминологијата и вопоимникот да напишете дека всушност ректорот е пред се претседател на Сенатот, затоа што тука доаѓа до судир оној модел за кој вчера говореше коелгата единствен, кој сакаше, јас затоа и колегата Васил денеска што е подготвен да раслраваме, ние сме подготвени да ги соочиме аргументите. Значи, идеата ректорот, условно речено да биде генерален директор, менаџер кој нема допирна точка со кариерата на наставниците, научната кариера, туку треба да се грижи само за финансирањето на универзитетите има логика во такви услови д аразговараме тој да биде од надвор, но во модел кој според нас е модел кој за прв пат ќе биде промовиран во Република Македонија теоретски да донесете човекнадвор од Универзитетот и тој човек кој единствено може да го контролираат сенарорите, да ги седнете сите сенатори во скутот и тој да им претседава, мислам дека е глупост на квадрат. И Што побрзо се соочиме, вие како што велите, дали со експерти од Советот на Европа, или со Уставниот суд ќе видите дека бевте во криво и дека имате еден концепт кој не може да ја издржи реалноста. Значи,не може претходно да го браните ставот дека е добро да дадеме можност за конкуренција и луѓе андвор од Универзитетот да станат ректори, а сега да дадете можност сенаторите кои ги бираат матичните факултети, кои се членки на Универзитетот да ја имаат таа контрола функција. Сега објективноочекувавме дека ќе се потрудите да излеземе од овој лавиринт со јасни решенија. Значи, не може да се брани решението дека наметнатиот ректор треба уште да се наметне како претседател на Сенатот. Значи, ние се обидуваме, иако има автономна улога Универзитетот некој условно речено, елементи на поделбата на власта да се рефлектира и на поделбата на властите на ниво на Универзитет.

Ако е инокосен орган ректорот којс ега му дадовме можност, јас верувам, не само што вели Ивановски тоа решение веднаш ќе го смениме кога ќе дојде до промена на власта, меѓутоа мислам и за овие неколку месеци колку што ќе бидете на власт ќе имаме можност на Уставниот суд да го срушиме и тоа решение. Но сепак да се вратиме на решениеот за Сенатот.

Министре нема логика ректорот да претседава со Сенатот. Не само за реалноста за која говореше коелгата Герамитчиоски, која беше погубна. Не давајте можност јавашлукот или сето она што беше диригирана надлежност на претставниците на Министерството сега всушност да биде комулација на моќ и на повеќе функции во рацете на ректорот.

Имајќи во предвид претседателе дека атомсферата е крајно понижувачка оние две дами онаму што го свртеле да простите газот накај вас, или ќе ги дисциплинирате или јас во знак на протест нема да говорам, а нема да го пропуштам...

(Некои од пратеничките на ВМРО-ДПМНЕ се свртени кон задниот ред од нивното место).

(Претседателот со ѕвончето ги опоменува пратениците за дисциплина во салата).

Па, тоа важи и за колегата Вељановски. Ако веќе не дискутира нека не остави со министерот да се разбереме, затоа што реално нема логика овој дел на Законот, кога веќе не беше прифатен амандманот кој претходно гонудевме. Не може ако ја пресликуваме условно речено поделбата на власта да не можат факултетите преку своите сенатори да ја контролираат работата на ректорот. Тој претседава, како што претседава нашиот претседавач. И ќе калкулира не само со извештаите, не само со очетноста, не само со контролата на финансиското работење, сето тоа ќе создаде атмосфера каде што објективно и државата не ќе може да си ја оствари функцијата која ја дала на единките кои го сочинуваат Универзитетот. Тоа се факултетите.

Реално очекувам дека ќе наидеме на разбирање кај минситерот, затоа што во овој дел, бидјеки ова е уШте еден сериозенупад, според наше мисељње, во автономијата на Универзитетот, затоа што ние веќе го земаме какоздраво за готово, вие имате одбрано ректори, администратори кои ќе ги доведете на државните универзитети, онаму каде што сметате дека не ги контролирате. Според моја проценка останаа Штуловиот универзитет и Универзитетот “СВ. Кирил и Методиј”. И во такви околности ако ја уништите улогата која до сега беше и контролна,

но и битна Собранието односно Сенатот да има можност да ја контролира работата на ректорот ако го управува овој органне може да наметнете решение каде што реално ректорот ќе биде како тој еден самопрогласен професор-професор, ќе биде со двојна функција, ќе биде како архиепископот. Ќе пишуваме господин-господин ректор и господин-господин претседател на Сенатот, што е една голема глупост. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Славица Грковска, пвоелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници.

Искрено очекував после долгите дебати и искажување на аргументи за тоа зошто треба одредени решенија во Законот за високо образование да се сменат и да се прифатат нашите амандмани да проработи совеста барем кај дел од пратениците од парламентарното мнозинство. Меѓутоа, очигледно тоа не е така. Очигледно парламентарното мнозинство слепо ја следи политиката на премиерот Груевски во востановувањето на нов тоталитарен систем во Република Македонија, во овозможување на носење на законски решенија кои што ќе овозможат премиерот Груевски да ги контролира сите институции кои што не се во негова надлежност, а вклучително во таа смисла и високо образовните иснтитуции.

Бидејки премиерот во изминатава една ипол година се навикна да го прави тоа за него е сосема нормално на седница на Влада да помине решение кое што во суштина овозможува ректорот да претседава со тело кое согласно законот ќе го бира и ќе го разрешува. Бидејки премиерот се навикна преку мобилен телефон да го контролира Собранието на Република Македонија додека траjат седниците, се навикна да раководи со Собранието на Република Македонија, значи истото она Собрание кое што го бира и го разрешува согласно Уставот и уредувањето на Република Македонија, за премиерот е многу нормално да се има тело во високообразовнит еиснтитуции кое штопо закон го бира и разрешува ректорот, а во исто време ректорот да заседава со тоа тело.

Јас кажав и во една од претходните дискусии, меѓутоа очигледно дека има потреба уште еднаш да повторам останувањето на ваквото решение ќе значи исто што и премиерот да ги свикува седниците на Собранието, премиерот да раководи со седниците на Собранието. Тоа до сега сеуште директно не се случило. Тоа сега сеуште индиректно функционира преку мобилниот телефон на претседателот на Собранието, додека претседателот на Собранието ги води седниците.

(Реагирање на некои од пратениците).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам вратете се на амандманот и поштедете ме од навреди мене овде, не е добро.

Ајде продолжете.

**Славица Грковска:** претседателе јас никого не навредив. Јас кажав само пример...

**Љубиша Георгиевски:** И јас. Говорете ве молам за Деловникот, а не за тоа што сте кажале. Што сте кажале чувме.

**Славица Грковска:** Јас кажав пример што значи ваквото решение пренесено во друга ситуација. Тоа што вие сте лично засегнат и парламентарното мнозинство,плус премиерот Груевски тоа е друго прашање. Тоа значи дека вие чувствувате грижа на совест заради тоа што е така, меѓутоа очигледно не можете ништо да измените. Факт е дека премиерот го контролира работењето на ова Собрание...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, ова ви е втора опомена. Ако недолично говорите, ве молам нема да се надговорувам со вас...

**Славица Грковска:** Не знам зошто секогаш сте осетлив кога ќе се спомне премиерот Груевски и неговото ...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам мојата осетливост е за друга тема. Овде не говориме за ничија осетливост, овде говориме по државни работи и задржете се на амандманот ако сакате да говорите.

**Славица Грковска:** Е, па, токму заради тоа што претседателе зборуваме за државни работи, токму заради тоа треба да сватите колку е сериозно, погрешно решението кое што го имате предложено во законот и кое што вие го подржувате. Јас немам како на поинаков начин да ви објаснам освен да дадам пример со друга ситуација која што парафризирана со други зборови де факто би претставувала примена на ваквото решение само во друга област, на сферата на релации помеѓу законодавната и извршната власт. Тоа е истата ситуација. Собранието го бира или разрешува премиерот, то ае исто како ние да дадеме можност премиерот да ги свикува и да заседава со седниците на Собрание. Тоа во превод значи истото ова решение до колку остане во законот за високо образование. Сенатот го бира и го разрешува ректорот, а од друга страна му се овозможува на ректорот да ги свикув аи да раководи со седниците на Сенатот. Истиот тој Сенат кој што треба да ја контролира неговата работа, истиотоној Сенат кој го бира, истиот оној Сенат кој што треба да ја проверува неговата работа и начинот на неговото финансиско работење, а кој што нема да има можност да се свика и да одржи седница до колку ректорот не го сака тоа.

Значи, ние создаваме еден систем со ваквите решенија во Законот за високо образование кој што ќе овозможи ректорот да биде недопирлива личност. Кој што ќе овозможи ректорот никој да не може да го контролира. Ректорот ќе биде личност која ќе прави се што сака на Универзитетот без да има некој можност да го контролира и да го проверува и во најлош случај ректорот зависно од личноста нема да ги свикува седниците на Сенатот, ниту пак ќе поднесува

извештај за неговата работа, ниту пак ќе дава отчет за фианнсиското работење на Универзитетот. Тоа не е ништо друго освен создавање на систем за нефункционирање на високото образование.

Сега, вие може да се повикувате на одредени законски решенија во одреденид ржави, меѓутоа то ане значи дека одредени решенија можете само да ги извадите од другите системи на високо образование и да ги ставите тука само заради тоа што во овој момент тоа така одговара на владеачкото мнозинство, заради тоа што ваквото решение водругите системи,од каде што сте ги земале, е дел од еден потполно друг систем на функционирање на високото образование, а не од ваков каков што вие ни го предлагате. Меѓутоа доколку го предложевте законот во нормална процедура, тогаш ќе имавме време и за таква дебата. Меѓутоа вие очигледноимавте тенденција да ги подметнете овие решенија за да можат да поминат без некој да ги примети и на тој начин да си ја остварите својата цел. Да ја загрозите автономијата на Универзитетот, да ја загрозите неговата независност и на тој начин д аимате можност да ги контролирате и оние државни високо образовни институции кои што до сега не ги контролиравте, односно кои Што не се формираниво периодот кога сте вие на власт, а тоа значи продолжување на принципот на партизација на високото-образование по теркот на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Ништо друго. Тоа се случи на Универзитетот во Тетово сонезаконското разрешување на ректор, тоа се случи со новиот Универзитет во Штип каде штопочнувајки од ректорот, па до општите служби сите се партиски припадници, да не зборувам за стручните кадри за кои што единствено важно беше партиската книшка, а не и стручната подготвеност и стручните квалификации, за што декалративно само слушаме големи залагања од страна на премиерот, а истото се случува и на Факултетот во Битола. Затоа вие за изминатава една ипол година не оставивте аргументи да веруваме дека имате искрени намери во високото-образование. Вие не оставивте аргументи да веруваме дека она што го правите во смисла на кампања за образованието е моќ, од една страна е искрена намера, туку напротив само можност за перење пари и за инвестирање во нечии партиски џебови и за нечии партиски интереси.

Тоа нема никаква врска со државните интереси во високото образование, уште помалку има врска со европските дирктиви и со она што ние како држава сме го преземале како одговорност дека треба да го направиме за да го доблллижиме високото образование до европското.

Ако се усвои овој закон, јас ве молам да го тргнете европското знакче од Предлогот на законот заради тоа што ваквиот закон нема да има никаква врска со европските директиви и со ззаложбите кои сите држави, не само во Европа туку и во светот, го имаат, а тоа е независност и автономија на Универзитетот. Затоа, уште еднаш, ве молам, сериозно да размислите заради тоа што на ваков начин ќе придонесеме за партизација на високото образование и за папртиско менување на раководните лица во универзитетите, во зависност од тоа која партија е на власт во даден момент, што нема ништо добро да донесе за високото образование, ниту ќе придонесе за неговиот квалитет, туку напротив само ќе придонесе за уривање на квалитетот ви високото образование. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Три минути реплика за господинот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодрам господине претседателе, почитувани пратеници,

Госпогицата Славица рече дека има еден незаконски влез во Тетовскиот универзитет. Можам да кажам дека не е така. Меѓутоа, направен е упад да се запре нелегалноста и сите оние негативни појави на тој Универзитет. Колку тоа беше легално укажува фактот дека после тој период кога Универзитетот во Тетово беше посетен од многу претставнци на Европски и Светски универзитети, од Америка и други подалечни земји и тие изразија желба или направија голема инвестиција во развивање на студиските програми, свесни за начинот на кој се работи во тој универзитет. Како колуминација на сите добри работи во овој Универзитет беше направена посета од амбасадорката на САД госпоѓата Миловановиќ за што имавме голема национална чест, на 13 февруари таа да го посети овој Универзитет и да инвестира во еден проект, наставен проект, за стекнување на знаењата на модерен европски и американски начин. Тоа претставува еден поттик за студентите, за професорите, за учениците кои ќе го завршат средното образование и ќе се запишат на Универзитет. Тоа ќе претставува еден типичен пример на правото, типичен пример на науката и типичен пример на примена на наставната метода на Болоња во овој Универзитет. Тоа се неколкуте аргументи со кои се поништува или побива вашата веза дека таму се работи незаконски, надвор од наставни програми, надвор од секакви критериуми. Таму и законите и критериумите и организирањето и финансирањето се легално. Имајќи ги предвид сите овие достигнувања кои се прават таму, овој Унвиерзитет се повеќе и повеќе се развива.

Доколку тоа ви смета, а верувам дека не ви смета, бидејќи ве знам лично, доколку вие сакате да правите политика од тоа прашање, тоа е друга работа. Меѓутоа, знаете една работа, каде и да влезе западот во државните образовни и научни институции во Македонија, во конкретниот случај со посетата на госпоѓа Миловановиќ на тој Унвиерзиктет, со тоа се става еден печат за во иднина дека тој универзитет е отворен за инвестиции и за висока наука. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам господине Рамадани.

Повелете госпоѓа Грковска имате контра реплика од една минута.

**Славица Грковска:** Господине Рамадани, факт е дека, внимателно ме слушајте сега, ректорот на Универзитетот во Тетово беше сменет незаконски, спротивно на оној закон што ВМРО ДПМНЕ и ДПА го донесоа во 2000 година, додека беа на власт.

Има потполно пишана детална процедура на кој начин може да се смени ректор на еден универзитет, доколку врши незаконски дејствија. Тоа е опишано во законот, меѓутоа, не беше почитувано од страна на овој министер. За жал, овој министер беше ставен во ситуација да ја исполнува желбата на Тачи за превладување или преземање во власт на Тетовскиот универзитет за кој ДПА беше против, кога се носеше законот за негово формирање. Тоа е факт. Меѓутоа, за жал парламентарното мнозинство тогаш не прифати министерот да ја сноси политичката одговорност заради тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам пратениците кои сеуште не влегле во салата да влезат, бидејќи не очекува гласање.

Ги молам службите да ми достават точен број на присутни пратеници во салата.

Уште еднаш ги молам пратениците кои сеуште не влегле во саслата, да влезат, зошто не очекува гласање.

Ги молам службите уште еднаш да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, за гласале 14, воздржан нема, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 1 за менување на алинеја 9, поднесенод пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Ова е третиот клучен амандман за кој спориме.

За да бидете во тек, ќе кажам дека во надлежностите на ректорот е набележано "избира и разрешува декан, односно директор на единицата на Универзитетот".

Само за ваша информација, видете ја претходната верзија што беше во јули 2007 година. Значи, во надлежности на ректорот стои "избира и разрешува декани односно директор на единица на универзитет, на предлог на Сенатот".

Тоа е доста спорно, прво, заради начинот на кој ректорот ќе ја остварува функцијата, второ, заради потполно нарушување на демократските принципи и трето, во самиот закон имате член - надлежност на наставно научниот совет, во кој стои "утврдува еден или повеќе кандидати за декан односно диектор и му го доставува на ректорот на Универзиетот".

Да ве прашам, според ова што сте го напишале како надлежност на ректорот, убедете ме дека ректорот има барем некоја обврска и да го разгледа предлогот на наставно научниот совет. Нема никаква обврска. Ќе си најде свој кандидат и ќе си го постави.

Во претходната верзија, барем сте имале некоја доблест, сте напишале на предлог на Сенатот, барем некој дал предлог до ректорот. Сега, ректорот си избира и си разрешува, не мора ни д ги разгледува. Каде пишува и каква облигаторност, по законски пат, му давате на ректорот дека тој треба воопшто и да го разгледа предлогот и да го почитува. Значи, овде кулуарски ме убедуваа, неофицијално, ќе биде застапена демократичната, наставно научниот совет, двајца, тројца, можеби и еден, ќе испрати како кандидат до ректорот и тој од таму ќе избере. Ве молам тоа е Македонија.

И онаа одредба која што сте ја внесле дека Сенатот ќе ги разгледа тие предлози и ќе ги достави до ректорот ги избришавте. И ова не е предлог во последен момент вметнат на владина седница? И директно знам дека задни намери има. Доста со одредени структури на декани или ова она, ајде сега ќе правиме сеча. Тоа е искажано не кулуарски почитуван министер, директно. Ова е најстрашниот инструмент кој што му го давате во рацете на еден човек. Со ова се направи потполна политизација и партизација. Порано имаше некое влијание да не замижуваме пред минатото директно, или индиректно при избор на декан. Ама некако постоеше некоја автономија на единиците на факултетите кои што самите избираа кој ќе ги води и впрочем тие го застапуваа интересот на факултетот. Сега ги понижувате факултетите до максимум, го дерогирате правото на наставно-научниот Совет преку демократски тајно изјаснување да даде еден предлог за кој смета дека ќе биде достоен и способен во спецификите на условите под кои што работи тој факултет да направи компромисни амбиенти со кои што ќе управува со факултетот и навистина ќе заживее некој развој. Сега ќе правите марионетски институционални форми? Така ќе се постапува. Можеби во другите земји постојат некои решенија, ама таму и ректорот е контролиран. Овде нема никаква контрола. Затоа и со нареден амандман имаме интервенирано кој што се разбира јас сум благодарен министерот што го прифати, што ја

прифати таа сугестија. Не знам дали во Владата дознале за тоа, дали сте имале непријатности после што се воведе преку еден амандман надлежности на Сенатот, разрешениот декан, односно директор да има право на жалба до некого. Го прифативте тоа. Сега има право на жалба до Сенатот. Но, бидејќи Сенатот го раководи ректорот, тогаш кадија те тужи, кадија те суди. Нема да го постави како точка на дневен ред и готово. Значи, настапувам со аргументи, со факти, со примери, ако сакате. За жал, во некои други услови ќе биде смешно, ама е трагично. Трајно се нарушуваат меѓучовечките односи на Универзитетот и на факултетите. Сфатете го тоа. Се политизираат до максимум професорите влегуваа во политички опции и комбинации, варијанти, си подметнуваа меѓусебе разни шпекулативни документи, гласини итн, само за да се елиминира другиот. Тоа постоело и во минатото, ама преку демократски инструмент во самата средина каде што работите преку правото на глас наставникот, професорот, соработниците кои што се делегирани на наставно-начниот совет ќе си го кажат своето мислење. Сега ректорот кој што ќе го донесете од надвор, кој што нема апсолутно да ги познава приликите на факултетите, ќе ја праша политичката партија која што го делегирала кој е сега од листата. Па во училиштата го имавме тоа. Едвај се избориме на некој начин да се минимизира тоа, делумно да се отстрани. Не е отстрането, но делумно да се отежни процесот на политизација во основното и средното образование, барем ги вклучивме советите, или родителите и сите оние да учествуваат, локалната самоуправа. Министерот самиот му пречеше, се надевам во минатото нас ни пречело кога ќе треба да се назначува некој за кој што воопшто немате поим кој е, кои се неговите компетенции, надлежности, дали успешно ќе управува со процесот. Сега го подигате на уште повисоко ниво, ректорот да го назначува деканот, а ректорот нема да има поим во таа средина кој, како ќе може да се справи со проблемите. Верувајте најдобронамерно е ова кажано. Затоа треба наредните амандмани да ги прифатите заради запазување на демократијата во Универзитетот. Значи, прво, ректорот да го потврдува како што беше и порано, да го потврдува и мислењето на наставно-научниот совет, или има право да го отфрли, ама со образложение кое што никогаш досега барем кога му ги отповикувал согласностите во тие примери кои што досега ги кажував, никогаш не дал образложение зошто тоа го прави. Не можеле луѓето ниту правно и легитимно да си ги бараат своите права во второстепена жалбена постапка. Не постоела ни второстепена жалбена постапка. Ќе има и практични други проблеми. Сега јас да не бидам погрешно сфатен што постојано го цитирам случајот со Св. Кирил и Методиј, но тој е најголем универзитет со 28 членки, ако не се лажам, единици на универзитетот кои што имаат различни интереси помеѓу себе. Сега како ќе ги обедини тие интереси ректорот при изборот во тие специфични средини? Дали на мала врата воведувате хаос во двата најголеми универзитети: скопскиот и битолскиот Универзитет. Значи, на двата најголеми универзитети кои што и така ги удривте преку буџетот, затоа што страшно ги дерогиравте на финансиски план. Сега се настојува и институционално да се влијае врз нив. Затоа, значи, јас знам дека нема да се прифати како и претходното, ама дајте ми барем едно образложение зошто последната верзија која што сте ја имале сте го избришале последниот дел на реченицата, на предлог на Сенатот. Ако сакате да одговорите, барем на тоа одговорите зошто?

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика има господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Значи по основ на членот 54 во точката каде што кажува, избор и разрешување на деканот односно на директорот на единицата на универзитетот. Ќе напомнам само дека проблемот е мошне тежок и дека станува збор само за она што се начинот на сваќањето на нештата и менталниот склоп, поточно менталната матрица на социјалдемократите. Во овој сегмент точно се дефинира дека не може да настане хаос, туку едноставно се поставува ред и хиерархиско почитување на она што е одговорноста. Кога ќе одговарате пред маса на луѓе, или поточно пред наставно-научниот совет, или Советот на факултетите, тогаш одговорноста се расплинува. Затоа ќе имате можност за многу голема манипулација со она што се нарекуваат професорите, или членовите на наставно-научниот совет, или Советот на факултетите. Но, доколку ја имате директно одговорноста пред првиот човек, значи ректорот на Универзитетот, тогаш знаете дека многу лесно може да дојде и до она што се нарекува одговорност и се избегнува она што е тромоста на институциите, она што е наставно-научниот совет и Советот при факултетите. Јас ќе напомнам дека ние не измислуваме топла вода и дека многу работи кои што и во нашиот предлог на закон се опфатени, а и овој член, би ве повикал господа од СДСМ да го отворите веб-сајтот на хрватското министерство, ќе видите дека тука и она што се нарекува, а ингеренциите на ректорот се многу поголеми. И исто е решено на ваков начин дека ректорот, значи, разрешува, дека на факултетот и ректорот избира. Но, ќе напомам дека не станува збор за партизација, реков, тоа е ментален склоп на размислување и јас тука не би се сложил дека деканот е оној кој што избира. Значи, на деканот му се даваат од наставно-научниот совет, тоа е во член 63 надлежности на наставно-научниот совет, или Советот при факултетот во кое што во една точка се вели: “утврдува еден, или повеќе кандидати за декан, односно директор и му ги доставува на ректорот на универзитетот”. Станува збор за можноста, значи за избор на еден од членовите кои што му ги дава наставно-научниот совет, или Советот при факултетот, со тоа што секој оној кој што е ректор при

универзитетот сака да има директна одговорност од деканот што во она што тој го сработил тој може да каже дека е сработено или не е сработено, или има неправилност во работењето. Директната одговорност до ректорот значи деканот кој што одговара пред ректорот дава можност за минимална манипулација или злоупотреба на должноста, она што се нарекува декан при факултетот во кој што се избира декан, или се разрешува декан.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика има господинот Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиовски:** Простете ми колега, ама немате поим како функционира универзитетот. Прво, никој не зборува за одговорноста. Во нашиот амандман стои дека одговара пред ректорот, дека останува разрешувањето. Зборуваме за именувањето и кој го дава предлогот. Ова што го велите членот 64, со овој член нема врска, бидејќи не е облигаторен. Членот 63 не е облигаторен за ректорот. Може да му се достави список од десетмина, тој нема да го почитува тоа, бидејќи не е обврзан со законот. Избришан е тој дел на реченицата дека било кој може да му достави список. Тој може да добие список од 100 души. Зборуваме, одговорноста останува пред ректорот и тој е одговорен за законитоста и ќе може да го разреши. Никој не спори за тоа. Зборуваме за именување, односно потврдување.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам да дадам аргументи за прифаќање на овој амандман, свесен дека просторот се стеснува, посебно што подршката на ваков амандман што ја имавме од пратеници што го подржуваат, парламентарното мнозинство ги повлекоа нивните амандмани што зборува можеби за нив, а не за проблемот. Кога зборувавме и вчера зошто е значајно ректорот да биде од редот на вработените од универзитетот, а да не биде наметнато решение од надвор, како што предлага Владата. Сметавме и на надлежностите на ректорот што се содржани во членот 54. И ова е една од алинеите која што е проблематична и се плашиме дека ќе создаде многу проблеми во функционирањето на факултетите. Себично гледано, ако сакате ова и ќе ни помогне нас како политичка партија после упадите што ќе бидат направени. Но, тоа ниту ме прави среќен, ниту ме прави задоволен како човек што работи, или бидејќи сега сум во Собранието, како човек што работел на Универзитетот. Со политичките упади, или со бизнис упадите кои што ги нуди членот 53 ќе се направат избори и разрешувања на декани од страна на наметнато решение од надвор. Тоа ќе направи хаос на високообразовните уставнови во Република Македонија. За жал, деканот нема да биде биран на непосредни тајни избори од страна на вработените на соодветниот факултет, туку ќе биде назначен како декан, без разлика дали ја имал подршката од внатре, или не, од страна на ректорот. Можам да замислам што ќе се случи со тој факултет каде што за декан ќе биде предложен човек кој што не ја ужива подршката на 50% плус 1 вработен на истиот тој факултет. Ќе настане дисхармонија, ќе настане дисхармонитет, ќе настане пукање по сите шавови на тој факултет. И ова решение е решение што го препознаваме во начинот на избор на претседатели на општинските комитети на ВМРО-ДПМНЕ. И затоа е пресликано овде и затоа не дошло како предлог од страна на Министерството за образование и наука, туку на седница на Влада е променето, затоа што тоа е концептот на избор, со назначување, а не со непосредни избори на страна на факултетите. Јас реков, постои опасност од политички бизнис упади и го дадов како пример Машинскиот факултет, бидејќи заменикот министер е од Машински факултет, ќе му одговара смена на деканот на еден исклучително успешен декан? На никој од вработените, ама хипотетички зборувам, бидејќи цела држава зависи од струјата што ја увезува еден човек кој е вработен на Машинскиот факултет, можеби ќе се реши ректорот за да си обезбеди струја, или покомотна позиција, да го назначи за декан на Машински факултет единствениот човек што увезува струја, зборувам за цела држава, на сметка на еден исклучително успешен декан на Машинскиот факултет. Значи, не сакам да давам примери на факултетот каде што сум јас. Ќе се случи таква импровизација, таков упад од кој што џабе ќе ни биде и нервозата на факултетите и нервозата кон власта за таквиот потег кога систем што функционира ќе пропадне. Дека оваа Влада не е имуна на упади, зборувавме при распределбата на средствата, квази ребалансот на крајот од декември, каде што без знаење на Министерството за образование и наука, без знаење на факултетите, министерот Славески одзеде од научно-истражувачките проекти и тоа и меѓународни на факултетите. Го поврзувам со овој амандман, затоа што ректорот кој што соработува и согласно надлежностите со меѓуанродните проекти ќе влезе вертикално надолу со свој избор на декани со своите проекти и тогаш, ќе ни се случи замирање на одредени области, катедри, затоа што некој што никогаш ја немал подршката на факултетите за декан, а има на секој факултет амбициозни луѓе кои што стално конкурираат за декан, ама никако да ја добијат поддршката на факултетите. Сега ќе се обидат да се реваншираат за се она што се случувало во минатото. Ќе направиме политички упад кој што апсолутно нема позитивно да влијае на секоја високообразовна институција.

Од друга страна постои опасност и од бизнис упадите. И затоа викаме дека е лошо што не се прифати нашиот амандман, ректорот да мора биде од редот на вработените на Универзитетот, затоа што со избирањето и со разрешувањето на деканите му се дава преголема моќ. Читаме во медиумите и вчера и денес за трансферите кои се случуваат на приватните универзитети.

Луѓето кои имаат пари, кои неприродно напреднале до звањето редовен професор, кога ќе ја изгубат моќта како ректор на сопствениот Универзитет, затоа што нема кадар како да го привлече заради методите кои ги користат, најлесно ќе може да се стави капа или рака врз една институција која што е добро етаблирана и функционира, тоа е Државниот универзитет. Јас не знам колку декани биле вчера на прославата на сеуште не дознавме денот на знаењето по кој повод беше вчера прославуван и познавајќи го однесувањето на премиерот и на Владата предовдена од ВМРО-ДПМНЕ, може да се случи сите декани, бидејќи ректорот го видовме вчера таму, што не се потпишаа на ѕидот дали на знаењето или плачот ќе видиме понатаму, сите што не се потпишаа можат да бидат разрешени. Зошто? Затоа што не се согласуваат со политиката што ректорот ја спроведува. Премногу различни универзитети од различна проблематика постојат на универзитетите. Не се ова универзитети истородни или слични за да можат да креираат слична политика или да се борат за слични интереси. За жал постојат 28 различни единици на Универзитетот "Кирил и Методиј" и ќе биде многу тешко или ќе биде невозможнопрактично ректор со такви овластувања да започне еден процес на избирање и разрешување на декани. Плус кога некој разрешен декан Ќе побара да се разгледува неговата жалба, бидејќи ректорот не беше прифатен тој наш амандман ги свикува и преседава со седниците на Сенатот и можеби нема да ја стави таа точка на дневен ред. Затоа, не за џабе колешката Грковска го даде тој пример дека е неприродно институцијата што го бира ректорот тој истиот и да ја води. Сосема природна беше паралелата што беше направена со односот на Владата и на Собранието. Ректорот ја има таа извршна функција, Сенатаот треба да биде таа контролна функција. Кога ректорот ќе го направи чекорот преку црвената линија и разреши декан заради лични причини, тогаш како ќе дојде жалбата до Сенатот и преку дневниот ред кој треба да го намести или да го предложи ректорот кој го разрешил заради лични причини. Ќе влеземе во еденкруг кој што нема да му донесе добронa никој. Ние сме овде како законодавен дом да го подобриме законското решение. Ако имаме уставна обврска да вршиме политичка контрола на Владата, се бориме за демократичност во Законот тој да има можност, институција, некој инструмент тоа е Сенатот да врши контрола на извршен орган како што е ректорот. Овој концепт што го терате, го терате само за одредена личност, времето ќе покаже кој е, тие политички поени не ни требаат, затоа што ќе направат повеќекратна штета која што во иднина ќе биде многу тешко да се надокнади. Реков, да ги тргнеме политичките упади, земете ги предвид бизнис упадите штоможат да стигнат. Ќе дојде време кога некој заради бизнисот ќе упадне на Универзитетот како ректор, затоа што дипломата си ја купил во, еве да не кажам некоаj земја позната по тоа, и да стане ректор на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" или "Климент Охридски" или "Гоце Делчев" во Штип или некој друг. Како ние ќе го спречиме сето тоа да се случи. Имаме обврска и да дебатираме и да се бориме со амандманите. Ќе ве молам претседателе, специјалните случаеви да направите една посебна просторија, па така да ја следат седницата. Затоа, и со она што беше наброено од колегата Грозданов за член 63 токму неговите аргументи одат во прилог на тоа дека ректорот не треба да ги бира деканите и да ги разрешува, да заборавиме за малку дека политичката припадност е клучна. Еве, да ја земеме опасноста од бизнис упадите кои што можат да ни се случат на Универзитетот од страна на луѓе кои неприродно напреднале во својата академска кариера.

Нашата аргументација се обидуваме да допре до парламентарното мнозинство. Владата цврсто стои на оваа определба, Владата падна, за жал под влијание на одредени министри кои имале одредени амбиции на факултетите, но не успеале да ги реализираат, целокупната јавност и Универзитетот, без разлика што вие сосема коректно и одговорно и апсолутно колегијално, министре, си ги браните вашите колеги и тоа е за почитување. Сите знаат дека, како што беше кажано, господинот Трајко Славески е бабица на ова решение. Од таа хипотека тој не може да избега, ниту некој на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" може да му прости. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине Макрадули.

Господинот Грозданов има збор, повелете.

**Цветан Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас уште еднаш ќе се јавам и повеќе нема да се јавувам во однос на овој член. Ќе напомнам дека точно е одредени работи секогаш се обидуваат да бидат исполитизирани до онаа мерка што го надминува она што е можното за нормална дискусија и она што е конструктивна дискусија во смисла на можноста за подобрување на предлог на текстот на законот, дали е тоа амандмански, во секој случај реков дека треба да согледаме дека менталниот склоп и размислувањето кај одредени политички партии нормално е дека мора да се разликува. Но, сметам исто така дека стравот она што колегите претходно го спомнуваа дека може да дојде до 51% да се нема целосната подршка во наставно-научниот совет и некој да биде избран за декан на Факултетот, може и тоа да се случи не е исклучено. Меѓутоа, дали СДСМ се плаши дека во времето на нивното владеење од 13 години успеале да инволвираат или да вработат поголем делод нивните симпатизери и членови на факултетите и универзитетите, па сега ќе може сега она што е нивниот максимум од 50 плус еден да не биде испочитуван затоа што можеби не ќе биде и квалитет, мислам дека ќе нема потреба од вознемирување, затоа што и сега се вршат одредени лобирања на изборот на декан на факултетот, без разлика на она што е неговата

вистинска или реална интелектуална моќ, со сиот почит и респект спрема сите професори кои што се на факултетите. Но, ќе напомнам дека ниту приватните факултети не смеат да бидат потценувани и не смеат да бидат погледнувани малку поинаку од она што се државните факултети и универзитети, од една проста причина што ако земеме статистички со појавата н аона што се приватните универзитети, ќе видиме дека огромен е бројот на професори кои ние би ги нарекле бренд професори, кои завршиле и работеле долг временски период во својот работен век на државните универзитети, поради подобрувањето на својата материјална страна, поминуваат и работат во приватните универзитети и приватните факултети, нормално претставува една конкуренција на пазарот. Не треба да констатираме дека луѓето кои се од бизнис лоби групациите дека во одреден момент ќе можат да влезат и да извршат упад на некои од универзитети и факултетите, со тоа што ќе напомнам купиле одредена диплома, па јас ќе ги споредам двете зла. Се сложувам дека таквите луѓе треба да бидат осудени, затоа штоне ќе можат максимално образованието да го пренесат на младите генерации. Но, би напомнал дека ако земеме една статистика, она што сенарекува државните универзитети, да го земеме Медицинскиот факултет, Факултетот за стоматологија, Фармацевтскито факултет , па и другите факултети ширум државата, ќе видиме дека од она што се помладите асистенти, асистентите, доцентите или професорите стануваат и се наследници на своите родители. Дали тука можеме да кажеме дека дипломата која што се стекнала на нереални услови, заради рејтингот или брендот на својот родител и стекнувањето со дипломата или звањето помлад асистент, асистент или доцент се исто така толку “добра” како што е дипломата на оние познати професори или оние кои “купиле” или “земале” диплома од оние универзитети кои и колегата ги спомна дека е лесно да се набават. Станува збор за она што се нарекува вреднување, реалното вреднување на овие луѓе и личности. За жал, политиката влегла толку длабоко што нема начин како да укажеме на она што се нарекув аквалитет или бренд на професор, затоа што реков при долг временски период или опстојувањето на одредена позиција или функција, нормално е дека ќе се стекнете соодредени позитивни карактеристики, недозволувајќи им на луѓето кои завршиле со сопствен труд и мака да дојдат на таа позиција која што ја заслужуваат.

Затоа, би рекол дека не треба да се плашиме дека законот ќе биде прекршуван и дека ќе се прават одредени упади. И денес сме сведоци на непочитување на законите од страна на одредени универзитети и факултети, затоа што би напомнал дека имаме помлади асистенти кои се над 40 години, а сеуште се помлади асистенти на факултетите и таков закон не постои којшто го оправдува нивното постоење или работење и засновање на работен однос на тие факултети. Но, сепак сеуште се таму. Не значи дека со промената и надлежностите на она што се нарекува ректор на Универзитетот и со изборот на деканот дека не ќе може ова да се отстрани. Напротив, јас гледам позитивно на сето ова и сметам дека со она што е назначувањето, хиерархиското назначување, значи ректорот да избере декан од она што се предлозите на Наставно-научниот Совет и Советот на факултет, ќе овозможи еден добар линг или една добра комуникација на ректорот со деканот на факултетот во кој што нормално децидно би требало да се спроведуваат она што се предвидените наставни планови и програми, како и она што е реално би требало да имаме можност да го видиме подобрувањето на квалитетот на сите државни и приватни универзитети во Република Македонија.

Уште еднаш ќе кажам дека стравот за губењето на она 50 плус еден треба да се отстрани, затоа што доаѓаат времиња каде што нема да се гледа она што е партиската припадност, нема да се гледа лојалноста, туку ќе се гледа квалитетот. Затоа штои самото предлагање од наставно-научниот совет на 1, 2, 3 или повеќе кандидати доведува до една конкурентност помеѓу самите професори кои сметаат дека можат максимално добро да ја извршуваат функцијата на декан на факултетот. Во сегашните услови, во сегашниот Закон, точно е тоа дека деканот наставно-научниот совет ќе го избере, но исто така постои можност со одредена партизација во која што под притисок на одредени политички партии, она што се нарекува моќноста на имплементирањето или инволвирањето на своите кадри на овие факултети, ќе овозможи да се гласа онака како што партијата ќе наложи. Јас не гледам така, јас гледам малку пошироко и сметам дека треба да се надминат овие теснопартиски интереси и дека треба во името на образованието да се гледа она што е квалитетот на кандидатите кои ќе претендираат за избор. Нормално е дека секој декан кој што ќе биде избран ќе треба да одговара пред некого. Овде во дадениот случај ќе одговара пред ректорот на Универзитетот, што е еден близок линг и можноста за комуникација и подобро разрешување на одредени проблеми доколку би се појавиле.

Деканот на Универзитетот ќе може, деканите или луѓето, професорите кои ќе се пријават ќе можат да конкурираат со она што се нарекува нивна визија, начин на менаџирање со она што се нарекува факултетот и нормално дека од она што е од страната на ректорот ќе биде избран оној кој што ќе понуди поголем квалитет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика побара господин Герамитчиоски, повелете имате три минути.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, во делот на вашата дискусија ако добро разбрав вие и потврдувате дека треба нашето решение да биде прифатено. Потоа, застапивте друга концепција. Само заради нешто

кулуарски, да не се недорасчисти. Еден професор колку е добар, како напредува има мерливи инструменти. Значи, има трудови во меѓународна јавност со импакт, каде е во меѓународните списанија, ги објавил тие, па потоа има рецензентска комисија со професори со повисоко звање кои што стојат зад него, па потоа на таа рецензија која што јавно се објавува во универзитетскиот билтен. Има рок на жалби кои што другите можат да ги оспорат тие наводи и на кандидатот и на рецензентската комисија. Па потоа наставно-научниот совет со јавно или со тајно гласање го избира.

А, за декан, колку е тој добар, се потврдува со тајно, но прво некој да го номинира или поединец или институција. На Катедра или Институт, зависи организационата единица каква е на факултетот. И, ако со тајно гласање тој добил 50% плус 1, сите аргументи паѓаат во вода. Тој човек ја ужива подршката и колегите имаат исклучително позитивно мислење за него, како личност која може да управува и да ги води.

Сега, тоа се дерогира. Се исфрла мислењето на наставно-научниот совет. Тие ќе дадат мислење и сега, на таа претпоставена ситуација што јас и вие, овде се убедувавме вчера, дава еден или повеќе кандидати. Ректорот не им ги прифаќа тие кандидати, туку тој си наоѓа свој кандидат што го поставува. Ќе имаме улична револуција? Ќе излегуваат, ќе штрајкуваат со глад? Кој инструмент го има тој академски кадар со највисока концентрирана интелектуална способност во таа институција на располагање, да се почитува нивното мислење, нивниот став што го преточиле преку тајно и демократско изјаснување?

И, како ќе можат тие да ја оценат работата на ректорот понатаму, освен понатаму, ако е голем Универзитетот ќе има двајца до тројца претставници во Сенатот. Ќе ги отповикаат? Ќе им кажат да го повикаат ректорот на одговорност? Практичните досегашни дејствија укажуваат на нешто друго. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика на господинот Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Ајде, да не се изразувам со вашиот речник и да кажам дека поима немате.

Ќе бидам поблаг и ќе кажам вака, она што е оценување и вреднување со вашите трудови господине Герамитчиоски е субјективно или објективно. Тоа го кажуваат некои други дали е субјективно или обејктивно. Затоа што вие, ако вашиот татко е професор и ако тој, во неговиот временски период има напишано повеќе работи, може многу лесно да дојдете до она што се нарекува земање на тие трудови од родителот и кажување како ваши трудови.

(Дофрлање од место).

Дали тоа ќе биде субјективно или ќе биде објективно?

Она што друго би спомнал е следно дека стравот од она што е 51% губење на оние 13 години, што вие сте создавале можност во она што се нарекува имплементирање или воведување во образованието на свои кадри, сега не ќе можете да го реализирате од причина што вашите помлади асистенти ќе остануваат таму каде што се. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Давам прекин за ручек до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,09 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места. Продолжуваме со работа.

За процедурално се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, можеби сега малку изгуби смисла мојата процедурална реплика, од два аспекти.

Прво, помина еден час од тогаш кога побарав, но навистина, тогаш беше паузата за ручек.Од друга страна, значително мал број колеги пратеници гледам присутни во салата, но сепак забелешката се однесува до претседателот и потпретседателите кога ја водат седницата. Навистина, потпретседателе, дебатата околу Законот за високо образование, иако се работи за еден многу суштински и значаен закон, кој што треба да го донесеме, Закон кој што го носи предзнакот на Европската унија, значи уште повеќе добива на важност, се претвори во нешто што не доликува, кога говориме барем, за Законот за високо образование, затоа што ја засега категоријата не само на универзитетските професори, туку и студентите. Јас би ве замолила, без разлика од каде доаѓаат личните дискредитации помеѓу пратениците, да ги прекинете, затоа што дебатата се претвори токму во тоа. Или да дискредитираме некој за тоа што е и како е, дури се спомнуваат и родители, што сметам дека не е добро, или пак одредени колеги да се пофалат за нивните достигнувања во својата дејност.

Мислам дека овде сите сме пратеници. Наше е да ги следиме законите и да дебатираме по нив, да имаме различни спротивставени ствови, затоа што само со различни ставови може да дојде до прогрес, меѓутоа, да се почитуваме меѓу себе.

Уште еднаш, да не должам повеќе почитуван потпретседателе, и за претседателот важи, ве молам, да ги прекинувате тие дискусии, затоа што навистина, отидовме предалеку со личните дискредитации помеѓу нас, па дури и меѓу семејствата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Топузова.

Јас сосема се согласувам со вас. Вие самите знаете како течеше овие денови расправата по овој закон и претседателот и ние како потпретседатели правиме максимум, да не се избегне дискусијата по темата, но тоа сепак, се случува, иако ние неколку пати се обидуваме да

ги прекинеме пратениците, кога се надвор од темата, но, тоа сепак е избор на самите пратеници кој говорат по темата.

Јас апелирам до сите пратеници во дискусиите да се задржат повеќе на амандманската расправа која е во тек, отколку да навлегуваат во други теми, кои не се од домен на овој закон.

Затоа и ви благодарам за вашиот апел, за вашата идеја, но, повторно ќе остане на совеста на пратениците кога дискутираат.

Во ред, пратеникот Борис Кондарко, кој е пријавен за збор не е присутен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, а исто така ги замолувам координаторите на пратеничките групи да направат напор во повикување на пратениците.

Почитувани дами и господа пратеници, објавувам пауза од 10 минути. Ги молам координаторите на пратеничките групи да направат напор да ги повикаат пратениците. Ви благодарам.

(По паузата седницата продолжи во 15,47 минути)

Ги повикувам пратениците да ги заземат своите места.

Службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи во салата нема доволен број на пратеници, тука ја прекинувам денешната седница. За продолжувањето ќе бидете дополнително известени. Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,48 часот)